# Net.Bit




Новата услуга на **Нет.Бит**, **Net.Gear** е наменета за мали и средни организации кои имаат современа информатичка инфраструктура врз која се потпира нивниот бизнис. **Net.Gear** содржи технички правила и мерки кои се преземаат за да се овозможи максимална ефикасност и функционалност на ИТ, притоа водејќи сметка за големината и ресурсите на организацијата. **Net.Gear**. се темели на светските стандарди за управување со информатичките сервиси и со безбедноста на информациите (ИТИЛ односно ИСО20000 и ИСО27001) Услугата **Net.Gear** се реализира 24 часа, 7 дена во неделата, 365 дена во годината. (24 x 7 x 365 x **Net.Gear**) On-line следење на статусот на пријавените проблеми или инциденти во работењето преку кориснички Веб портал со контролиран пристап. Корисничка база на пријавени проблеми и инциденти, причини за појава и можни превентивни мерки. Генерирање и достава на сумарните извештаи до менаџментот на клиентот кои се достапни преку контролиран пристап и на нашата Веб-страница.

## *Што е Net.Gear ?*

**Net.Gear** е нова услуга на **Нет.Бит** наменета за мали и средни организации кои имаат современа информатичка инфраструктура врз која се потпира нивниот бизнис. **Net.Gear** содржи технички правила и мерки кои се преземаат за да се овозможи максимална ефикасност и функционалност на ИТ, притоа водејќи сметка за големината и ресурсите на организацијата.

Преку соодветното одржување и планирање на системите, **Net.Gear** гарантира сведување на дефектите и испадите на ИТ во организацијата на контролиран минимум.

**Net.Gear** истовремено обезбедува систем-инженерски и систем-администраторски услуги за организацијата - цел тим на инженери кога Ви се потребни за планирање, за воведување на нови системи, за тековно одржување или пак за поправки на дефекти.





## 24 x 7 x 365 x Net.Gear

**Net.Gear** се одвива 24 часа, 7 дена во неделата, 365 дена во годината. Нашите систем -инженери и консултанти кои го осмислија и го спроведуваат **Net.Gear** се најдобри на пазарот, меѓународно обучени и сертифицирани експерти. Тие имаат повеќегодишно искуство во консалтинг и поддршка на ИТ системи во некои од најголемите фирми во Македонија, како и техничка поддршка за странски партнери - некои од најголемите имиња во ИТ индустријата во светот.



## Што содржи Net.Gear ?

Светските стандарди за управување со информатичките сервиси и со безбедноста на информациите се во основата на **Net.Gear**. Стандардот ИТИЛ односно ИСО20000 ги дава препораките според кои треба да се планираат информатичките услуги кон останатиот дел од организацијата, а стандардот ИСО27001 се однесува на управувањето со ризиците и на планирањето на континуитетот на работењето. **Net.Gear** го содржи основниот сет на препораки од овие стандади кои мора да се применат во организацијата за да се обезеди континуитет во работењето на ИТ.

При спроведувањето на **Net.Gear**, земени се во предвид сите потребни критериуми за справувањето со ризикот по прекин во работењето и употребен е уште еден стандард - БС25999 - за обезбедување на деловниот континуитет.

Нашите систем-инженери спроведуваат планирани посети за проверка на системите, како и за систем-администраторски работи според потребите на клиентот.

Сите евентуални проблеми или инциденти во работењето на ИТ системите се внесуваат во база на податоци преку која се следи кога е пријавен инцидентот, кога е разрешен, кои биле причините и кои се можните превентивни мерки. Сумарните извештаи се доставуваат до менаџментот на клиентот, а достапни се преку контролиран пристап и на нашата Веб-страница.

За клиентите кои бараат повисоко ниво на заштита на податоците и деловен континуитет, **Нет.Бит** го формираше **Нет.Бит** - Датацентарот во Велес во кој клиентите можат да вршат бекап на податоци со максимална заштита, како и да користат деловни простории за нормална работа во случај на недостапност на примарната локација.

## Кои се типични корисници на Net.Gear ?

Корисници на **Net.Gear** се мали и средни фирми чие основно функционирање зависи или се потпира на ИТ системите, а самата структура и големина на системите не го оправдува вработувањето на експертски информатички кадар. Такви примери се: брокерските куќи, инвестиционите фондови, новинско-издавачките куќи и други чија работа целосно зависи од информатичката технологија.

Еден од нашите клиенти изјави: **"Поради еден и пол ден нефункционирање на нашите системи изгубивме скоро 200.000 денари. Не можеме да си дозволиме тоа да ни се повтори, не само поради парите, туку и поради угледот пред нашите клиенти."**

**Net.Gear** е точно наменет за таквите организации, кај кои основа за успехот е стабилна и добро управувана информатичка околина.



**Нет-Бит д.о.о.** Чедомир Миндеровиќ 41, 1000 Скопје, Р. Македонија, тел/факс: +389 2 329 85 33, www.netbit.com.mk